РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
Бр.-Nr. 01-10806/3
12-11-2026 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработени во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/2019, 14/2020 и 208/2024) и член 37 став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018 и 35/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019, 89/2022, 274/2022 208/2024, 193/2025 и 96/2026), Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, на ден 12.11.2026 година, донесе

ПРАВИЛНИК

за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавното претпријатие за државни патишта

Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавното претпријатие за државни патишта бр. 02-11513/1 од 29.11.2017 година, бр. 02-4102/1 од 02.04.2018 година, бр. 02-8770/1 од 13.08.2019 година, бр.02-11571/1 од 29.10.2019 година, бр. 02-12413/1 од 02.12.2020 година, бр. 02-1826/1 од 19.02.2021 година, бр. 02-5788/1 од 04.06.2021, бр.02-2299/1 од 08.03.2022 година, бр. 02-7329/1 од 25.07.2022 година, бр. 02-2601/1 од 17.03.2023 година, бр. 02-7047/1 од 25.07.2023 година, бр 02-7293/1 од 05.07.2024 година, бр.02-8165/1 од 26.07.2024 година, бр.01-4502/1 од 14.04.2025 година, бр.01-12660/1 од 03.12.2025 година, бр. 01-1543/1 од 09.02.2026 година, бр. 01-5321/1 од 22.05.2026 година и бр.01-10101/1 од 26.10.2026 година.

Член 2

Во глава V. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА, во точката 3.Одделение за информатички и комуникациски технологии кај работното место под реден број 18. КДР0102В01057 Советник за ИКТ, во делот број на извршители, бројот „3" се заменува со бројот „2".

Во точка 3. Одделение за информатички и комуникациски технологии , по работното место со реден број "18.Советник за ИКТ", се додава ново работно место 18-а, кое гласи:

3. Одделение за информатички и комуникациски технологии	
Реден број и шифра	18-а КДР0102В02063
Звање на работно место	
Назив на работно место	Виш соработник за ИКТ
Број на извршители	1
Вид на образование	Природно математички науки/компјутерски и информациски науки
Други посебни услови	/
Работни цели	извршува сложени работи и задачи во врска со фунцкионирање на дел од ИТ инфраструктурата
Работни задачи	- Ја одржува мрежната инфраструктура на Јавното претпријатие - Прави редовен бекап на податоците и се грижи за навремено и квалитено извршување на истиот; - Врши интервенција по барање поврзано со хардверската и мрежната инфраструктура од страна на останатите сектори во Јавното претпријатие; - Врши интервентно сервисирање на хардверот; - Ја следи работата на антивирусните и антиспам активности во мрежата преку мониторинг - Врши мониторинг на сите апликации/системи во Јавното претпријатие - Се грижи за непречено функционирање на системите за непрекинато напојување на серверската опрема и системите за резервно напојување; - ги следи и применува прописите поврзани со делокругот на работа на одделението - Изготвува извештај за извршената работа; - ги следи и применува прописите поврзани со делокругот на работа на одделението; - Врши и други работи кои по својата природа спаѓаат во делокругот на работното место и извршува работни задачи по налог на претпоставениот во делокруг на своето работење

Одговара пред	Раководителот на одделението за информатички и комуникациски технологии

Во точката 3. Одделение за информатички и комуникациски технологии кај работното место под реден број 20.КДР0102Г03112 Технички референт за информатички и комуникациски технологии, во делот број на извршители, бројот „1“ се заменува со бројот „2“.

Во точката 1. Сектор за финансии, подточка 1.3 Одделение за сметководство и плаќање, кај работното место под реден број 30.КДР0102В01060 „Советник за сметководство и плаќање” во делот “вид на образование”, зборовите „Економски науки”, се заменуваат со зборовите “Општествени науки/Економија и бизнис” и бројот „1“ се заменува со бројот „2“.

Во точка 6.Сектор за одржување, заштита на патишта и наплата на патарина, потточка 6.3 Одделение за наплата на патарина и контрола, кај работното место со реден број 99. КДР0305Б04101 Инкасант за наплата на патарина, во делот број на извршители, бројот „293“ се заменува со бројот „291“.

Член 3

Согласно извршените измени во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и на табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот.

Член 4

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за јавна администрација.

Директор

Коце Трајановски